**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 12 од Одлуката за методологијата за утврдување на максималниот износ за распределба на резултатот од работењето („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
## за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на максималниот износ за распределба на резултатот од работењето („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/17)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишува спроведувањето на Одлуката за методологијата за утврдување на максималниот износ за распределба на резултатот од работењето (во понатамошниот текст: Одлуката).

Изразите определени во Одлуката соодветно се применуваат и во ова упатство.

2. За потребите на утврдувањето на факторот за распределба при пресметката на максималниот износ за распределба на резултатот од работењето, банката е должна да го пополнува извештајот за утврдување на факторот за распределба (образец ФР), пропишан во главата II од ова упатство и да го доставува до Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

Извештајот од ставот 1 од оваа точка е составен дел на ова упатство.

## II. ИЗВЕШТАЈ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТОРОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА

3. Извештајот за утврдување на факторот на распределба (образец ФР) се состои од пет дела:

- минимални капитални барања, согласно со точките 4, 5, 6 и 7 од ова упатство;
- дополнителни капитални барања, согласно со точките 8 и 9 од ова упатство;
- заштитни слоеви на капиталот, согласно со точките 10, 11 и 12 од ова упатство;
- фактор на распределба, согласно со точките 13 и 14 од ова упатство;
- податоци за адекватноста на капиталот, согласно со точката 15 од ова упатство.

**Минимални капитални барања**

4. Редот бр. 1 – „стапка на редовен основен капитал“ се пополнува со примена на следниве правила:

4.1. Во колоната бр. 5 – „потребен капитал“ се внесува производот на стапката од колоната бр. 4 и износот на активата пондерирана според ризиците прикажан во редот бр. 14 од колоната бр. 3.

4.2. Во колоната бр. 6 – „покриеност со РОК“ се внесува износот на редовниот основен капитал (РОК) од редот бр. 15 од колоната бр. 3 потребен за покривање на потребниот капитал од колоната бр. 5 од овој ред.

4.3. Колоните бр. 7 и 9 од овој ред не се пополнуваат.

4.4. Колоната бр. 8 – „покриеност со ОК“ претставува збир на износите од колоните бр. 6 и 7 и го дава вкупниот износ на потребниот капитал од колоната бр. 5 што се покрива со основниот капитал (ОК).

4.5. Колоната бр. 10 – „покриеност со СС“ претставува збир на износите од колоните бр. 8 и 9 и го дава вкупниот износ на потребниот капитал од колоната бр. 5 што се покрива со сопствените средства (СС).

5. Редот бр. 2 – „стапка на основен капитал“ се пополнува со примена на следниве правила и редослед на пополнување на колоните од овој ред:

5.1. Колоната бр. 5 – „потребен капитал“ се пополнува со примена на правилата од точката 4 потточка 4.1 од ова упатство.

5.2. Во колоната бр. 7 – „покриеност со ДОК“ се внесува износот на додатниот основен капитал (ДОК) од редот бр. 16 од колоната бр. 3 потребен за покривање на потребниот капитал од колоната бр. 5 од овој ред. Притоа, максималниот износ на ДОК којшто банката може да го користи за покривање на стапката на основен капитал (6%) е 1,5% од активата пондерирана според ризиците (редот бр. 14 од колоната бр. 3).

5.3. Доколку банката не располага со доволен износ на ДОК за покривање на максималниот износ од потточката 5.2 од оваа точка, го користи вишокот на РОК којшто не се користи за покривање на стапката на редовен основен капитал (утврден како разлика помеѓу износот на РОК од редот бр. 15 од колоната бр. 3 и износот од редот бр. 1 од колоната бр. 6) за покривање на недостатокот на потребниот капитал за исполнување на стапката на основниот капитал.

5.4. Во колоната бр. 6 – „покриеност со РОК“ се внесува износот на РОК што банката го користи за покривање на стапката на основниот капитал и е еднаков на збирот на износот од редот бр. 1 од оваа колона и износот на недостатокот од потточката 5.3 од оваа точка.

5.5. Колоната бр. 8 се пополнува со соодветна примена на правилата од точката 4 потточка 4.4 од ова упатство.

5.6. Колоната бр. 9 од овој ред не се пополнува.

5.7. Колоната бр. 10 се пополнува со соодветна примена на правилата од точката 4 потточка 4.5 од ова упатство.

6. Редот бр. 3 – „стапка на адекватност на капиталот" се пополнува со примена на следниве правила и редослед на пополнување на колоните од овој ред:

6.1. Колоната бр. 5 – „потребен капитал" се пополнува со примена на правилата од точката 4 потточка 4.1 од ова упатство.

6.2. Во колоната бр. 9 – „покриеност со ДК" се внесува износот на дополнителниот капитал (ДК) од редот бр. 17 од колоната бр. 3 потребен за покривање на потребниот капитал од колоната бр. 5 од овој ред. Притоа, максималниот износ на ДК којшто банката може да го користи за покривање на стапката на адекватност на капиталот (8%) е 2% од активата пондерирана според ризиците (редот бр. 14 од колоната бр. 3).

6.3. Доколку банката не располага со доволен износ на ДК за покривање на максималниот износ од потточката 6.2 од оваа точка, го користи вишокот на ДОК којшто не се користи за покривање на стапката на основен капитал (утврден како разлика помеѓу износот на ДОК од редот бр. 16 од колоната бр. 3 и износот од редот бр. 2 од колоната бр. 7) за покривање на недостатокот на потребниот капитал за исполнување на стапката на адекватност на капиталот.

Максималниот износ на ДОК којшто банката може да го користи за покривање на недостатокот од ставот 1 од оваа потточка е 2% од активата пондерирана според ризиците (редот бр. 14 од колоната бр. 3).

6.4. Во колоната бр. 7 – „покриеност со ДОК" се внесува износот на ДОК што банката го користи за покривање на стапката на адекватност на капиталот и е еднаков на збирот на износот од редот бр. 2 од оваа колона и износот на недостатокот од потточката 6.3 став 1 од оваа точка, односно на максималниот износ од потточката 6.3 став 2 од оваа точка.

6.5. Доколку вишокот на ДОК од потточката 6.3 став 1 од оваа точка не е доволен за покривање на максималниот износ од потточката 6.3 став 2 од оваа точка, банката го користи вишокот на РОК којшто не се користи за покривање на стапката на основен капитал (утврден како разлика помеѓу износот на РОК од редот бр. 15 од колоната бр. 3 и износот од редот бр. 2 од колоната бр. 6) за покривање на недостатокот на потребниот капитал за исполнување на стапката на адекватност на капиталот.

6.6. Во колоната бр. 6 – „покриеност со РОК" се внесува износот на РОК што банката го користи за покривање на стапката на адекватност на капиталот и е еднаков на збирот на износот од редот бр. 2 од оваа колона и износот на недостатокот од потточката 6.5 од оваа точка.

6.7. Колоната бр. 8 се пополнува со соодветна примена на правилата од точката 4 потточка 4.4 од ова упатство.

6.8. Колоната бр. 10 се пополнува со соодветна примена на правилата од точката 4 потточка 4.5 од ова упатство.

7. Редот бр. 4 - „вишок/недостаток за покривање на минималните капитални барања" го претставува вишокот/недостатокот на РОК, ДОК, ОК, ДК и СС за покривање на минималните капитални барања и се пополнува на следниов начин:

- во колоната бр. 6 се внесува разликата помеѓу износот од редот бр. 15 од колоната бр. 3 и износот од редот бр. 3 од колоната бр. 6;
- во колоната бр. 7 се внесува разликата помеѓу износот од редот бр. 16 од колоната бр. 3 и износот од редот бр. 3 од колоната бр. 7;
- во колоната бр. 8 се внесува збирот на износите од алинеите 1 и 2 од оваа точка;
- во колоната бр. 9 се внесува разликата помеѓу износот од редот бр. бр. 17 од колоната бр. 3 и износот од редот 3 од колоната бр. 9;
- во колоната бр. 10 се внесува збирот на износите од алинеите 3 и 4 од оваа точка.

## Дополнителни капитални барања

8. При пополнувањето на редот бр. 5 – „дополнителни капитални барања" банката ги има предвид следниве правила:

8.1. Во колоната бр. 4 – „стапка" се внесува стапката на дополнителните капитални барања (над 8% од активата пондерирана според ризиците) коишто треба да ги исполни банката врз основа на мерка преземена/пропишана од гувернерот на Народната банка, согласно со Законот за банките.

8.2. Колоната бр. 5 – „потребен капитал" се пополнува со примена на правилата од точката 4 потточка 4.1 од ова упатство.

8.3. При пополнувањето на колоните бр. 6, 7, 8, 9 и 10 се поаѓа од вишокот/недостатокот за покривање на минималните капитални барања од соодветните колони на редот бр. 4, утврден согласно со точката 7 од ова упатство.

8.4. Доколку банката располага со вишок на РОК, ДОК и ДК којшто може да го користи за покривање на дополнителните капитални барања, може да го избере редоследот на покривање на овие барања.

9. Редот бр. 6 – „вишок/недостаток за покривање на минималните и дополнителните капитални барања" го претставува вишокот/недостатокот на РОК, ДОК, ОК, ДК и СС за покривање на минималните капитални барања од редот бр. 3 и за покривање на дополнителните капитални барања од редот бр. 5 и се пополнува на следниов начин:

- во колоната бр. 6 се внесуваат разликата помеѓу износот од редот бр. 15 од колоната бр. 3 и збирот од износите од редовите бр. 3 и 5 од колоната бр.6;
- во колоната бр. 7 се внесуваат разликата помеѓу износот од редот бр. 16 од колоната бр. 3 и збирот од износите од редовите бр. 3 и 5 од колоната бр. 7;

- во колоната бр. 8 се внесува збирот на износите од алинеите 1 и 2 од оваа точка;
- во колоната бр. 9 се внесуваат разликата помеѓу износот од редот бр. 17 од колоната бр. 3 и збирот од износите од редовите бр. 3 и 5 од колоната бр. 9;
- во колоната бр. 10 се внесува збирот на износите од алинеите 3 и 4 од оваа точка.

**Заштитни слоеви на капиталот**

10. Во колоната бр. 4 – „стапка" се внесуваат стапките на заштитни слоеви на капиталот, пропишани од Народната банка, согласно со Законот за банките.

Во редот за противцикличниот заштитен слој на капиталот се внесува специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот, утврдена согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Македонија.

11. Колоната бр. 5 – „потребен капитал" се пополнува со примена на правилата од точката 4 потточка 4.1 од ова упатство.

12. Редот бр. 7 – „износ на заштитни слоеви на капиталот" претставува збир на редовите 8, 9, 10 и 11.

Колоните бр. 6, 7, 8, 9 и 10 не се пополнуваат.

**Фактор на распределба**

13. Во редот бр. 12 – „вишок РОК/заштитни слоеви на капиталот" се внесува количникот на износот од редот бр. 6 од колоната бр. 6 и износот од редот бр. 7 од колоната бр. 5, којшто се множи со 100, односно се изразува во проценти. Овој ред се пополнува само за колоната бр. 6.

14. Во редот бр. 13 – „фактор на распределба" се внесува:
- 0, доколку процентот од редот бр. 12 е помал или еднаков на 25%;
- 0,2, доколку процентот од редот бр. 12 е поголем од 25%, но помал или еднаков на 50%;
- 0,4, доколку процентот од редот бр. 12 е поголем од 50%, но помал или еднаков на 75%;
- 0,6, доколку процентот од редот бр. 12 е поголем од 75%, но помал од 100%;
- 1, доколку процентот од редот бр. 12 е еднаков или поголем од 100%.

**Податоци за адекватноста на капиталот**

15. Во делот V. „податоци за адекватноста на капиталот" во колоната бр. 3 се внесуваат податоци за активата пондерирана според ризиците (редот бр. 14), редовниот основен капитал (редот бр. 15), додатниот основен капитал (редот бр. 16), дополнителниот капитал (редот бр. 17) и сопствените средства

(редот бр. 18), прикажани во соодветните обрасци од Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, на датумот за кој се известува.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

16. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**У бр. 8288**
**15 март 2017 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**Димитар Богов**

Банка ______________________ Образец ФР

**Извештај за утврдување на факторот за распределба**
**со состојба на__________________________**

во (000) МКД

| Ред. бр | Назив | Износ | Стапка | Потребен капитал | Покриеност со РОК | Покриеност со ДОК | Покриеност со ОК | Покриеност со ДК | Покриеност со СС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=6+7 | 9 | 10=8+9 |
| **I** | **Минимални капитални барања** | | | | | | | | |
| 1 | Стапка на редовен основен капитал | | 4.5% | 0 | 0 | | 0 | | 0 |
| 2 | Стапка на основен капитал | | 6.0% | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0 |
| 3 | Стапка на адекватност на капиталот | | 8.0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **4** | **Вишок/недостаток за покривање на минималните капитални барања** | | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **II** | **Дополнителни капитални барања** | | | | | | | | |
| 5 | Дополнителни капитални барања | | 0.0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **6** | **Вишок/недостаток за покривање на минималните и дополнителните капитални барања** | | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **III** | **Заштитни слоеви на капиталот** | | | | | | | | |
| **7** | **Износ на заштитни слоеви на капиталот (8+9+10+11)** | | **0.0%** | **0** | | | | | |
| 8 | за зачувување на капиталот | | 0.0% | 0 | | | | | |
| 9 | противцикличен | | 0.0% | 0 | | | | | |
| 10 | системски ризик | | 0.0% | 0 | | | | | |
| 11 | системска значајност | | 0.0% | 0 | | | | | |
| **IV** | **Фактор на распределба** | | | | | | | | |
| 12 | Вишок РОК/заштитни слоеви на капиталот | | | | 0.0% | | | | |
| 13 | Фактор на распределба | | | | **0.0** | | | | |
| **V** | **Податоци за адекватноста на капиталот** | | | | | | | | |
| 14 | Актива пондерирана според ризиците | 0 | | | | | | | |
| 15 | Редовен основен капитал (РОК) | 0 | | | | | | | |
| 16 | Додатен основен капитал (ДОК) | 0 | | | | | | | |
| 17 | Дополнителен капитал (ДК) | 0 | | | | | | | |
| 18 | Сопствени средства (СС) | 0 | | | | | | | |

Сивите полиња не се пополнуваат.